# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО*


| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Пехчево** | **Четврток 23.04.2026 год.** | **Уредува: Душко Миовски** |
| **Излегува по потреба Гласникот е бесплатен** | **Број 3 - Година 2026** | **Општина Пехчево тел. (033) 441-321** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на актите од Советот на општина Пехчево**

Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пехчево на 6-та седница одржана на ден 23.04.2026 година, во Службен Гласник на општина Пехчево и тоа:

**1.** Одлука за разрешување на членови на управен одбор на ЈКП Комуналец - Пехчево;
**2.** Одлука за именување на член на управен одбор во ЈКП Комуналец - Пехчево;
**3.** Јавен повик за пријавување на лица за член на управен одбор во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево;
**4.** Одлука за сопствено учество (кофинансирање) и одобрување на финансиски средства на Општина Пехчево за реализација на проектот -„Регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источен плански регион“;
**5.** Одлука за сопствено учество (кофинансирање) и одобрување на финансиски средства на Општина Пехчево за реализација на проектот -“Реконструкција на постоечко школско игралиште во ООУ Ванчо Китанов – Пехчево, подрачно училиште во село Црник”;
**6.** Одлука за усвојување на годишен извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2025 година;
**7.** Одлука за усвојување на годишен извештај за реализација на програмата за развој на источен плански регион за 2025 година;
**8.** Програма за активностите на општина Пехчево за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2026та година;
**9.** Одлука за давање на времено користење недвижна ствар - гаражи на Здружение ДПД Пехчево

Бр. 09-452/1 — Општина Пехчево
23.04.2026 год. — Градоначалник
Пехчево — Александар Китански с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за разрешување на членови на управен одбор на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за разрешување на членови на управен одбор на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 6-та седница одржана на ден 23.04.2026 година.

Бр. 09-452/2 — Општина Пехчево
23.04.2026 год. — Градоначалник
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), член 16 и член 26 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Р.М.бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) и член 30 став 1 точка 26 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.04.2026 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за разрешување на членови на управен одбор на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево**

**Член 1**

Ванчо Мустачки се разрешува од должноста член на управен одбор на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, поради изминат мандат.

Игор Поповски се разрешува од должноста член на управен одбор на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, поради изминат мандат.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр. 08-443/1 — Совет на општина Пехчево
23.04.2026 год. — Претседател
Пехчево — Миле Гошевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за именување на член на управен одбор во ЈКП Комуналец - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за именување на член на управен одбор во ЈКП Комуналец - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 6-та седница одржана на ден 23.04.2026 година.

Бр. 09-452/3 Општина Пехчево
23.04.2026 год. Градоначалник
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02), член 17 од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Сл.Весник на РСМ“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), член 30 став 1 точка 26 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021) и Предлог бр.08-334/6 од 25.03.2026 година, Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.04.2026 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за именување на член на управен одбор во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

**Член 1**

За член на управен одбор во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево се именува:
- Игор Поповски – Пехчево;

**Член 2**

Членот на управен одбор на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево се именува за период од 4 (четири) години.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр. 08-444/1 Совет на општина Пехчево
23.04.2026 год. Претседател
Пехчево Миле Гошевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Јавен повик за пријавување на лица за член на управен одбор во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Јавен повик за пријавување на лица за член на управен одбор во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево го донесе на 6-та седница одржана на ден 23.04.2026 година.

Бр. 09-452/4 — Општина Пехчево
23.04.2026 год. — Градоначалник
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Во согласност со одлуката на Владата за што поголема транспарентност и отчетност на органите на државната управа и јавните претпријатија, а практикувајќи ги европските вредности и член 17-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Р.М.бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на општина Пехчево, во својство на основач на претпријатието, објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**

**за пријавување на лица**

- за член на Управен одбор во ЈКП „Комуналец” Пехчево (едно лице);

Кандидатот за член на Управниот одбор мора да ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност

Освен овие услови, членот на управниот одбор во јавното претпријатие треба да има најмалку пет години работно искуство од кои:

- најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на финансиско работење или
- најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на правните работи

Времетраење на мандат: четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Се поттикнуваат кандидатите што ги исполнуваат наведените услови, покрај наведените законски потребни документи, да достават соодветно мотивациско писмо (во слободна форма) и кратко CV (кратка биографија) во затворен плик со назнака „НЕ ОТВОРАЈ - ЗА ЈАВЕН ПОВИК

ЗА ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР ВО ЈКП КОМУНАЛЕЦ ПЕХЧЕВО„ во Архивата на Општина Пехчево, во рок од 5 дена од објавувањето на овој повик.

Комисијата за селекција за проверка на податоци по јавниот повик, по пат на административна селекција и интервју, подготвува и доставува предлог листа од најдобро рангираните кандидати до Советот на општина Пехчево.

Советот на општина Пехчево во рок од 15 дена од доставувањето на предлогот, ќе изврши соодветен избор од предложените кандидати и ќе донесе одлука за именување на член на Управен одбор во ЈКП „Комуналец" Пехчево.

Јавниот повик ќе биде објавен на веб-страната на општина Пехчево, огласната табла на општина Пехчево и веб-страната на ЈКП „Комуналец" Пехчево..

| | |
|---|---|
| Бр. 08-445/1 | Совет на општина Пехчево |
| 23.04.2026 год. | Претседател |
| Пехчево | Миле Гошевски с.р. |

ПРИЛОГ

Образец за пријавување на јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен/надзорен одбор на јавно претпријатие

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Назив и седиште на јавното претпријатие | |
| 2. | Име и презиме | |
| 3. | Место на живеење (улица и број) | |
| 4. | Телефон за контакт | |
| 5. | Е-маил/e-mail | |
| 6. | Кратка биографија | |
| 7. | Уверение за државјанство | |
| 8. | Уверение или диплома за завршено високо образование | |
| 9 | Доказ за соодветно работно искуство наведено во јавниот повик (потврда од ФПИОСМ за евидентиран стаж) | |
| 10. | Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон | |
| 12. | Потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност | |

Датум

Потпис на подносителот

| | |
|---|---|
| Пополнува примачот на пријавата | |
| Архивски број на пријавата | |
| Датум на прием на пријавата<br><br>__________________ година | Потпис и печат<br><br>__________________ |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за сопствено учество (кофинансирање) и одобрување на финансиски средства на Општина Пехчево за реализација на проектот – „Регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источен плански регион“**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за сопствено учество (кофинансирање) и одобрување на финансиски средства на Општина Пехчево за реализација на проектот - „Регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источен плански регион“, што советот на општина Пехчево ја донесе на 6-та седница одржана на ден 23.04.2026 година.

Бр. 09-452/5 Општина Пехчево
23.04.2026 год. Градоначалник
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/02) и член 30 став 39 од Статутот на Општина Пехчево („Сл.гласник на Општина Пехчево бр.3/21), а во врска со Јавниот повик за прибирање на предлог проекти за развој на планските региони за 2026 година распишан од Биро за регионален развој, Советот на Општина Пехчево на 6-та седница одржана на ден 23.04.2026 година донесе:

О Д Л У К А

за сопствено учество (кофинансирање) и одобрување на финансиски средства на Општина Пехчево за реализација на проектот -

**„Регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источен плански регион“**

Член 1

Советот на Општина Пехчево дава согласност за сопствено учество (кофинансирање) одобрување на финансиски средства за учество на Општина Пехчево во реализација на проектот „Регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источен плански регион“.

Член 2

Општина Пехчево ќе учествува во проектот со сопствено кофинансирање во износ од 61.133,00 денари.

Член 3

Проектот „Регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источен плански регион“ е аплициран во Бирото за регионалион развој, за добивање на средства по Јавен повик за прибирање на предлог проекти за развој на планските региони за 2026 година.

Член 4

Средствата од член 2 на оваа одлука ќе бидат обезбедени и исплатени од Буџетот на Општина Пехчево за 2026 година.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Пехчево“.

Бр. 08-446/1 Совет на општина Пехчево
23.04.2026 год. Претседател
Пехчево Миле Гошевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за сопствено учество (кофинансирање) и одобрување на финансиски средства на Општина Пехчево за реализација на проектот - "Реконструкција на постоечко школско игралиште во ООУ „Ванчо Китанов„ – Пехчево, подрачно училиште во село Црник"**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за сопствено учество (кофинансирање) и одобрување на финансиски средства на Општина Пехчево за реализација на проектот - "Реконструкција на постоечко школско игралиште во ООУ „Ванчо Китанов„ – Пехчево, подрачно училиште во село Црник", што советот на општина Пехчево ја донесе на 6-та седница одржана на ден 23.04.2026 година.

Бр. 09-452/6 Општина Пехчево
23.04.2026 год. Градоначалник
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ"бр.5/02) и член 30 став 39 од Статутот на Општина Пехчево („Сл.гласник на Општина Пехчево бр.3/21), а во врска со Јавниот повик за поднесување на барања за користење на средства од Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2026 година за поддршка на имплементација на декада и Стратегија за Ромите, Советот на Општина Пехчево на 6-та седница одржана на ден 23.04.2026 година донесе:

О Д Л У К А

за сопствено учество (кофинансирање) и одобрување на финансиски средства на Општина Пехчево за реализација на проектот -

**"Реконструкција на постоечко школско игралиште во ООУ Ванчо Китанов – Пехчево, подрачно училиште во село Црник"**

Член 1

Советот на Општина Пехчево дава согласност за сопствено учество (кофинансирање) одобрување на финансиски средства за учество на Општина Пехчево во реализација на проектот **„** Реконструкција на постоечко школско игралиште во ООУ Ванчо Китанов – Пехчево, подрачно училиште во село Црник "

Член 2

Општина Пехчево ќе учествува во проектот со сопствено кофинансирање во износ од **20%** од вкупната вредност на проектот, односно со **864.188,6 денари.**

Член 3

Проектот „Реконструкција на постоечко школско игралиште во ООУ Ванчо Китанов – Пехчево, подрачно училиште во село Црник“ ќе биде аплициран во Министерство за транспорт и врски.

Член 4

Средствата од член 2 на оваа одлука ќе бидат обезбедени и исплатени од Буџетот на Општина Пехчево за 2026 година.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Пехчево“.

Бр. 08-447/1 | Совет на општина Пехчево
23.04.2026 год. | Претседател
Пехчево | Миле Гошевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на годишен извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2025 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на годишен извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2025 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 6-та седница одржана на ден 23.04.2026 година.

Бр. 09-452/7 — Општина Пехчево
23.04.2026 год. — Градоначалник
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24) и член 30 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.04.2026 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За усвојување на годишен извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2025 година**

Член 1

Советот на општина Пехчево го усвојува годишниот извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2025 година и годишниот финансиски извештај за 2025 година.

Член 2

Годишниот извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2025 година и годишниот финансиски извештај за 2025 година бр. 01-52/1 од 02.03.2026 година, се составен дел од оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр. 08-448/1 — Совет на општина Пехчево
23.04.2026 год. — Претседател
Пехчево — Миле Гошевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на годишен извештај за реализација на програмата за развој на источен плански регион за 2025 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на годишен извештај за реализација на програмата за развој на источен плански регион за 2025 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 6-та седница одржана на ден 23.04.2026 година.

Бр. 09-452/8
23.04.2026 год.
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24) и член 30 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.04.2026 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За усвојување на годишен извештај за реализација на програмата за развој на источен плански регион за 2025 година**

Член 1

Советот на општина Пехчево го усвојува годишниот извештај за реализација на програмата за развој на источен плански регион за 2025 година.

Член 2

Годишниот извештај за реализација на програмата за развој на источен плански регион 2021-2026, за 2025 година, бр. 01-55/1 од 05.03.2026 година, е составен дел од оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр. 08-449/1
23.04.2026 год.
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Миле Гошевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за активностите на општина Пехчево за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2026та година**

СЕ ОБЈАВУВА Програма за активностите на општина Пехчево за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2026та година, што советот на општина Пехчево ја донесе на 6-та седница одржана на ден 23.04.2026 година.

Бр. 09-452/9 — Општина Пехчево
23.04.2026 год. — Градоначалник
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 22 точка 10 и 11 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02, 202/24) член 5 од Законот за управување со кризи („Сл.Весник на РМ“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21 и 124/25), член 4, член 21 и 22 од Законот за пожарникарство („Сл.Весник на РМ“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19) и член 9 од Законот за заштита и спасување („Сл.Весник на РМ“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21 и 124/25) и член 12 точка 10 и член 30 точка 10 од Статутот на Општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Советот на општина Пехчево на 6-та седница одржана на ден 23.04.2026 година ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**
**за активностите на општина Пехчево за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2026$^{та}$ година**

Со оваа програма се утврдуваат заедничките интереси и активности за ревитализација по елиминирање на криза и во областа на заштита и спасување особено во противпожарната заштита (доброволните противпожарни друштва, секциите во училиштата за млади пожарникари) кои претставуваат активности од јавен интерес.

Според законските одредби, општина Пехчево во 2026$^{та}$ година овие активности ќе ги остварува преку:

- Просторниот штаб за заштита и спасување
- Регионалниот центар за управување со кризи
- Просторните сили за заштита и спасување (универзални и специјализирани –екипи, одделенија)
- Комисија за процена на штети од елементарни и други непогоди на територијата на општина Пехчево

- Територијалната противпожарна единица која дејствува на целокупната територија на општина Пехчево со доброволните противпожарни друштва и секциите во училиштето за млади пожарникари

**1.ЦЕЛИ**

- Заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, пожари во населените места, во шуми, на отворен простор, поплави, сообраќајни несреќи и др.
- Ревитализација на општината по елиминирањето на кризата,
- Заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир и вонредна состојба,
- Создаввање на услови и можности за организирано остварување и реализирање на заштита и спасување на луѓето и материјалните добра,
- Обезбедување на навремено известување за опасноста, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на пожари и други видови несреќи и ублажување на последиците од истите,
- Обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување, справување со кризи и противпожарна заштита.

**2. АКТИВНОСТИ**

За реализација и остварување на основните цели на оваа Програма, активностите на општината и Советот ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на ревитализација на општината по елиминирањето на кризата, на противпожарната заштита и доброволната противпожарна организација како и заштитата и спасување со кризни појави и состојби како и други несреќи во мир.

Во оваа насока активностите претежно ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна, навремена и во законски рамки реализирана активност. Општина Пехчево преку оваа Програма за 2026 година во рамките на своите материјални можности ќе обезбеди финансиски средства потребни за квалитетна и технички стручна подготвена единица за противпожарна заштита, која ќе може брзо и ефикасно да дејствува на целата територија на општина Пехчево и развој за зајакнување на доброволната противпожарна организација на својата територија како и непречено функционирање на останатите субјекти од областа на заштитата и спсувањето, превенција и справување со кризни појави и состојби од просторот на општината.

**3. ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансирањето и активностите од областа на заштитата и спасување, превенцијата и справување со кризни појави, дејствувањето, доброволното противпожарно друштво и Секциите во училиштето за млади пожарникари, Територијалната противпожарна единица (со посебна програма), утврдени според оваа Програма ќе биде реализирана од:

- Средства од буџетот на општина Пехчево и Републичкиот буџет,

Доброволни прилози и други средства од осигурителни друштва домашни и странски фондации, правни и физички лица наменети за унапредување и заштита од пожари, доброволно противпожарно организирање и за друг вид на несреќи.

РАСПОРЕД НА ФИНАНСКИТЕ СРЕДСТВА:

А) Противпожарна заштита и зајакнување на доброволната противпожарна организација и други активности за заштита и спасување

| | ПРИХОДИ | |
|---|---|---|
| 1 | Буџет на општина Пехчево | 150.000,оо денари |
| 2 | Сопствени приходи од давање на услуги | 10.000,оо денари |
| 3 | Приходи од други извори, донации, проекти | 50.000,оо денари |
| 4 | ВКУПНО 1-3 | 210.000,оо денари |

Б) Противпожарна заштита, доброволно противпожарно друштво и спроведување на друга обука и мерка за заштита и спасување на населението и материјалните добра за побезбедна општина

| | РАСХОДИ | |
|---|---|---|
| 1 | Организирање и спроведување обука на просторните штабови и единици | 20.000,оо денари |
| 2 | Доброволна противпожарна организација-Секција за млади пожарникари во училиштето | 10.000,оо денари |
| 3 | Општински противпожарен сојуз - организирање на квиз натпревари | 10.000,оо денари |
| 4 | Набавка на техничка и заштитна опрема | 30.000,оо денари |
| 5 | Изработка на програмски содржини од заштитата и спасувањето кои ќе се презентираат на класните часови во училиштето | 2.000,оо денари |
| 6 | Набавка на работни униформи за ДПД | 10.000,оо денари |
| 7 | За обука и договорни услуги | 5.000,оо денари |
| 8 | Освежителни пијалоци при реализација на вежбовните и други активности | 5.000,оо денари |
| 9 | Помош на изработка на куќен ред во случај на пожар и план за евакуација пластифициран А-4 формат за секоја куќа посебно | 2.000,оо денари |
| 10 | Проектни активности - школа за млади пожарникари | 30.000,оо денари |
| 11 | Активности на Комисијата за проценка на штети од елементарни и други непогоди | 10.000,оо денари |
| 12 | Надомест на материјални трошоци за правни и физички лица – учесници во акции за гасење на пожар и други видови на загрозувања и несреќи | 20.000,оо денари |
| 13 | Безбедносна проверка на населението за безбедносна проценка од пожар | 2.000,оо денари |
| 14 | Отворени трибини за заштита и спасување со граѓаните од населените места од подрачјето на општината | 4.000.оо денари |
| 15 | Тактичко - показни вежби и активности за | 50.000,ооо денари |

| | | |
|---|---|---|
| | превенција и справување со кризни состојби и појави | |
| | ВКУПНО 1-15 | 210.000,оо денари |
| | | |

**4. Други форми и активности за побезбедна општина со подржување и помагање на субјектите од заштитно - спасувачката организираност на територијата на општината**

- Активностите на ДЗС, ЦУК, Територијалната противпожарна единица, Доброволното противпожарно друштво, Секциите за млади пожарникари во училиштето во општина Пехчево, освен со финансиски средства, Советот на општина Пехчево и градоначалникот на општината ќе ги помагаат и стимулираат со:
- Учество на градоначалникот и претставници на Советот на средби и настани организирани од страна на ТППЕ поврзани со квизови, натпревари, вежби, прослави и други настани,
- Подршка и учество во проектни и друг вид на активности.

**5. Завршни одредби**

За спроведување на оваа Програма се грижи Советот и градоначалникот на општина Пехчево и одделението за локален економски развој.

Во соработка со Просторниот штаб за заштита и спасување, Регионалниот штаб и ЦУК, Дирекцијата за заштита и спасување, инспекторот за заштита и спасување и други надлежни органи и тела, органите и телата на Советот и градоначалникот на општина Пехчево ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзина реализација како и покренување на иницијативи, давање на мислења и поднесување на предлози во врска со остварување на програмските цели и активности.

Висината на финансиските средства се минорни во буџетот на општината, а од друга страна бенефитите за заштита на граѓаните и заштита на материјалните добра и други добра од елементарните и други несреќи, кризни состојби и појави треба да имаат непроценливо значење за побезбедна општина.

Бр. 01-450/1 — Совет на општина Пехчево
23.04.2026 год. — Претседател
Пехчево — Миле Гошевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање на времено користење недвижна ствар - гаражи на Здружение ДПД Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за давање на времено користење недвижна ствар - гаражи на Здружение ДПД Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на 6-та седница одржана на ден 23.04.2026 година.

Бр. 09-452/10
23.04.2026 год.
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02 и Сл Весник на РСМ бр.202/24) и член 30 став 1 точка 30 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.04.2026 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање на времено користење недвижна ствар - гаражи на Здружение ДПД Пехчево**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево дава на времено користење недвижна ствар - гаражи на Здружение ДПД Пехчево во дворот на ЈКП Комуналец Пехчево, опишан во КП бр. 47/1 КО Пехчево, ИЛ бр. 2627 објект 7, површина 196м$^2$ на ДПД Пехчево.

**Член 2**

Недвижната ствар се дава на користење без надомест, за време од 20 (дваесет) години од денот на стапување во сила на оваа одлука.

**Член 3**

Начинот на користењето и управувањето ќе биде уредено со договор помеѓу општина Пехчево и Здружение ДПД Пехчево, согласно оваа Одлука.

**Член 4**

Се задолжува Здружение ДПД Пехчево, домаќински да се грижи за просториите во наведениот период и да работи во интерес на граѓаните на општина Пехчево. Доколку се забележи недомаќинско управување, или Здружение ДПД Пехчево пасивно ја врши својата дејност, општина Пехчево има право веднаш да го раскине договорот со Здружение ДПД Пехчево.

**Член 5**

Доколку во меѓувреме општина Пехчево има приоритет од предметната недвижност, или истата се користи за друга цел, различна од таа во договорот, истата може да се одземе и пред истекот на периодот за кој е дадена на користење, со писмено известување за испразнување на просториите веднаш, а најдоцна за 3 (три) дена.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр. 08-389/2
23.04.2026 год.
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Миле Гошевски с.р.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 09-322/4
16.04. 2026 од
ПЕХЧЕВО

**ОПШТИНА ПЕХЧЕВО**

Ул.Равен број 8 2326 Пехчево Република Северна Македонија
Тел/факс ++389 033 441 321
e-mail: opstina_pehcevo@t..mk www.pehcevo.gov.mk

Врз основа на чл.120 ст.9, чл.124 ст.1 т.3 од Законот за заштита на децата Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22 и 17/25), Градоначалникот на Општина Пехчево на ден 16.04.2026 година го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

**СЕ РАЗРЕШУВА Гордана Вазлиска од Пехчево** од местото в.д Директор на **Општинска Јавна Установа – Детска Градинка "7 Септември"- Пехчево**.

Решението на градоначалникот на Општина Пехчево **СТАПУВА НА СИЛА** со денот на неговото донесување **16.04.2026 година**.

**СЕ ЗАДОЛЖУВААТ** службите на Општина Пехчево решението да го достават до **Општинска Јавна Установа – Детска Градинка "7 Септември" - Пехчево**, да го спроведат во Централниот Регистар, како и да го објават во службен гласник на Општина Пехчево.

**СЕ ПРЕКИНУВА** работниот однос на Гордана Вазлиска од Пехчево како в.д Директор на **Општинска Јавна Установа – Детска Градинка "7 Септември" - Пехчево. Истата се враќа на претходното работно место пред назначувањето за директор на установата.**

## *Образложение*

Со оглед на тоа што е донесена одлука за распишување на јавен оглас за избор на директор на установата, се прекинува функцијата вршител на должност директор.

Имено, функцијата вршител на должност директор има привремен карактер и трае до изборот на директор по пат на јавен оглас, согласно важечките законски прописи. Со започнување на постапката за избор на директор преку јавен оглас, престанува потребата од понатамошно вршење на функцијата вршител на должност директор.

Од наведените причини, се донесе решение со кое се разрешува вршителот на должност директор.

**Правна поука:**

Согласно Законот за заштита на децата, незадоволната страна има право да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на прием на ова Решение.

**Општина Пехчево**

**Градоначалник**

**Александар Китански**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 09-322/5
16.04. 2026 год
ПЕХЧЕВО

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Ул.Равен број 8 2326 Пехчево Република Северна Македонија
Тел/факс ++389 033 441 321
e-mail: opstina_pehcevo@t..mk www.pehcevo.gov.mk

Врз основа на член 123 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), а врз основа на Одлуката за избор на директор на ОЈУДГ „7 Септември" – Пехчево бр. 09-322/3 од 08.04.2026 година, донесена од Градоначалникот на Општина Пехчево, Градоначалникот на Општина Пехчево донесе:

## РЕШЕНИЕ

### За именување на директор на ОЈУДГ „7 Септември" – Пехчево

**Член 1**

Со ова решение, за директор на ОЈУДГ „7 Септември" – Пехчево се именува: **Гордана Вазлиска.**

**Член 2**

Именувањето се врши за мандатен период од 4 години почнувајќи од **17.04.2026** согласно Законот за заштита на децата.

**Член 3**

Решението на градоначалникот на општина Пехчево стапува на сила со денот на неговото донесување , а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

## Образложение

Градоначалникот на Општина Пехчево, врз основа на спроведената постапка по јавен оглас за избор на директор на ОЈУДГ „7 Септември" – Пехчево и доставениот предлог од Управниот одбор на установата, донесе Одлука за избор на директор.
По истекот на законскиот рок за жалба, одлуката стана правосилна, по што се создадоа услови за донесување на ова решение за именување.
Согласно наведеното, одлучено е како во диспозитивот на решението.

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански

**С О Д Р Ж И Н А:**


1. Одлука за разрешување на членови на управен одбор на ЈКП Комуналец – Пехчево ______ 2;
2. Одлука за именување на член на управен одбор во ЈКП Комуналец – Пехчево ___________3;
3. Јавен повик за пријавување на лица за член на управен одбор во ЈКП „Комуналец„ - Пехчево ________________________________________________________________________4;
4. Одлука за сопствено учество (кофинансирање) и одобрување на финансиски средства на Општина Пехчево за реализација на проектот -„Регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источен плански регион“ ________________________________________________________________________7;
5. Одлука за сопствено учество (кофинансирање) и одобрување на финансиски средства на Општина Пехчево за реализација на проектот - "Реконструкција на постоечко школско игралиште во ООУ Ванчо Китанов – Пехчево, подрачно училиште во село Црник" _______9;
6. Одлука за усвојување на годишен извештај за работењето на центарот за развој на источен плански регион за 2025 година ______________________________________________ 11;
7. Одлука за усвојување на годишен извештај за реализација на програмата за развој на источен плански регион за 2025 година _____________________________________________ 12;
8. Програма за активностите на општина Пехчево за ревитализација по елиминирање на кризи во областа за заштита и спасување во 2026та година _____________________________ 13;
9. Одлука за давање на времено користење недвижна ствар - гаражи на Здружение ДПД Пехчево _______________________________________________________________ 17;
10. Решение за разрешување на ВД Директор на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево _________ 19;
11. Решение за именување на Директор на ОЈУДГ „7 Септември„ - Пехчево ______________ 21;